ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДОВОД
Бр. 04-475/1
05.03. 2025 год.

Врз основа на чл.22 и чл.23 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр. 62/05, ... „Службен весник на РСМ" бр.111/23) и член 39 од Колективен договор на ЈП „Водовод" – Охрид, а согласно Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈП „Водовод" - Охрид и Согласноста дадена од Градоначалник на Општина Охрид со арх.бр. 09-2295/2 од 24.02.2025 година, Директорот на ЈП „Водовод" - Охрид објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 2/2025**
**за вработување на неопределно време**

Општи услови за вработување на помошно технички лица утврдени согласно законска регулатива се кандидатот да е државјанин на Република Северна Македонија, активно да го користи македонскиот јазик, да е полнолетен, да има општа здравствена способност за работното место.

1. **Работник за обезбедување на имот и лица КДР0402А02007 (1) извршител(и)**

Посебни услови
- најмалку ниво на квалификации 3, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование
- со една година работно искуство
- лиценца за вршење работи на обезбедување на лица и имот

Распоред на работно време
- Работни денови: понеделник – петок
- Работни часови неделно: 40
- Работно време од 07:00 до 15:00 и од 13:00 до 21:00
- Опис за работното време: работа во смени

Паричен нето износ на плата: 22.567,00 денари
Со пријавите по огласот кандидатите за работното место треба да доставаат:
1. уверение или решение за државјанство (фотокопија заверена на нотар);
2. диплома за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар);
3. доказ за работно искуство;
4. лиценца за вршење работи на обезбедување на лица и имот;
5. доказ за општа здравствена состојба.

Рокот за пријавување по Јавниот оглас изнесува 5 (пет) дена од денот на неговото објавување во дневните весници. Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП „Водовод" - Охрид. Пријавите да се достават лично или преку пошта во архивата на Ј.П. Водовод Охрид, на ул.Наум Охридски бб. Охрид.
Постапката за селекција за вработување се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените документи.
Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**Охрид,**
**05.03.2025г.**

**ЈП „Водовод" - Охрид**
**Директор Маријан Ристески**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД 1 ОХРИД